# МАКЕДОНИЈА МЕЃУ РЕАЛ

# ЗА ПОУБАВА ИДНИНА

**„Македонија сонувајќи" е најновата книга со фотографии на Иван Блажев, во која се поместени 74 фотографии создавани во период од речиси две години и по поминати 7.000 километри низ земјава. Целта на книгата, во издание на „Темплум", е да се направи фотографски портрет на Македонија и на луѓето кои живеат тука растргнати помеѓу реалноста и сонот за поубава иднина**







Жени со чадори, Долнени


Игра со лак и стрела, Гевгелија

Иван Блажев е дипломец на колеџот „Бруклин" во Њујорк, на катедрата за филмска режија. По дипломирањето во 1996 година, тој останува во Америка уште две години каде што работи за филмска продуцентска куќа и тоа главно на изработката на документарни филмови и реклами. Во 1999 година се враќа во Скопје и почнува да работи на сопствени филмски проекти, и тоа куси документарни филмови, а исто така реализира и музички спотови и реклами. Фотографијата како преокупација поинтензивно почнува да му се случува во 2000 година, иако и дотогаш фотографирал. Денес работи како хонорарен професор по фотографија и филмска уметност во американската гимназија „Нова"...

**- Со оглед на тоа дека мојот главен интерес во филмската уметност беше документаристичкиот пристап, сега со изборот на фотографијата како мој главен интерес јас всушност го сменив само медиумот, а темите, проектите и интересите останаа исти. Дури, некои од првите проекти што ги имам направено, во оригинал беа осмислувани како филмови, а ги реализирав како фотографии. Мина една година за да станам сосема сигурен во тоа дека фотографијата повеќе ми одговара, како на карактерот, така и како мој начин на изразување. Истото важи и за формите со кои фотографиите се прикажуваат - изложбите и пред сè книгите - ми се многу поинтересни отколку филмот** - вели Блажев.

■ **Дали ова значи дека се откажувате од филмот како медиум?!**

● Не, не се откажувам од филмот, но ако некогаш нешто сработам тоа ќе биде повеќе инцидентно. Фокусиран сум на фотографијата и фотографските проекти.

■ **Вашата работа со апаратот секогаш подразбира дека работите нешто тематски, дека не „ловите" буквално сè, па подоцна да правите приказна од тоа, туку напротив...**

● Не сум од оние фотографи што се постојано со апаратот во рака и сликаат разни работи, туку работам тематски и обично тоа се подолги проекти. „Македонија сонувајќи" е мојата втора книга. Првата книга „Блесоци: Иницијативи за безбедно училиште" беше издадена во 2004 година и ја создавав 4 месеци, а почнав да ја работам сосема случајно. Група психолози, по воениот конфликт во Македонија, работеа со ученици од тетовскиот регион и ги обучуваа како да водат проекти, но и како да се грижат за безбедноста. Тоа ми се виде како интересна приказна, ме интересираше што работат и затоа им се јавив и им ја понудив мојата соработка. Така целата соработка прво резултираше со изложба, а подоцна се појави и книгата која ја издаде Македонскиот центар за фотографија.

■ **Како ја почнавте „Македонија сонувајќи": дали прво создадовте фо-**

# НОСТА И СОНОТ

**тографии кои посакавте да ги „спакувате" во книга, или пак уште на почетокот знаевте дека проектот ќе заврши во такво издание?**

● Она што особено ми е драго за оваа книга е дека уште на старот беше замислена онака како што е спакувана. Уште кога ја осмислував идејата и концептот, уште пред да ја направам првата фотографија сакав сè да се заокружи со книга и изложба. И иницијативата и идејата беа лично мои...

■ **Во што се состоеше таа идеја, сакавте да направите книга со фотографии за Македонија и...**

● Идејата и концептот ги имам уште од 2003 година, сакав книга за Македонија денес, како живеат луѓето во неа, што прават и што се случува во земјата. Добар дел од времето на осамостојувањето на земјава го минав надвор од неа, сега сум тука и до денес ништо не е променето, постојано сме под опсесија дали ќе нè примат во НАТО, дали ќе нè примат во Европската Унија, корупција, скандали... Тоа е реалноста во којашто живееме и која постојано се форсира низ медиумите. Мојата идеја беше да го тргнам тоа настрана и всушност да видам како живеат луѓето зад тие насловни страници и да покажам што прават луѓето во Македонија. Во Скопје луѓето секојдневно ги гледам на улица, но што прават луѓето во Истибањи, Радовиш, со што се занимаваат. Уште кога работев на филмови ми се допаѓаше формата на роуд муви, па така оваа книга е еден вид фотографски роуд муви.

■ **За реализација на проектот, патувавте низ земјава година и половина, минувајќи 7.000 километри, ѕиркајќи насекаде каде што сте имале провокација за фотоприказна...**

● Патував со различни превозни средства, од автомобил до автобус и воз. На почетокот добив грант од Прохелвеција, со кој покрив дел од патувањата и правењето фотографии. Во таа година и половина, со мали паузи, патував низ земјава. Првичната идеја ми беше јас да живеам на пат и тоа да трае шест месеци. Да тргнам од Скопје и да престојувам неколку дена во средината што ќе ја одберам. Еден од компромисите што ги направив со себеси беше да се откажам од таа идеја. Морав да одам на работа и затоа патував преку викендите. За изборот на местата и локациите се водев интуитивно, или пак од приказните што ќе ги слушнев за некое место. Ги следев и информациите во медиумите за тоа што и каде се случува, и заминував...

■ **Ја познававте ли земјава толку добро географски за да тргнете во**

....▶



Селска идила, Растеш

## КНИГА ЗА СКОПЈЕ

Во моментов Иван Блажев работи на книга за Скопје, за која текстот ќе го пишува Владимир Јанковски. Книгата е поддржана од градот и Прохелвеција и во неа ќе бидат поместени нетипични фотографии од Скопје, а текстот ќе се состои од изјави на скопјани и на некогашни негови жители, како и на луѓе кои го посетиле. Интересот на фотографиите во оваа пригода повторно се луѓето, но овојпат ставени во контекст на градот, места и локации кои кај луѓето предизвикуваат емоции. Сè на сè, тоа ќе изгледа како неформална и алтернативна монографија за Скопје која треба да се појави на почетокот на идната година.




Дебитна картичка за вработени, пензионери и студенти

- Дозволено пречекорување на салдо со најповолна каматна стапка од 10.5%
- Највисока сигурност со чип заштита
- Без годишна членарина
- Без провизија на банкоматите на ИК Банка и во малопродажба
- Бесплатни дополнителни картички

Кредитна картичка

Можност да купувате веднаш, а да плаќате на рати со најповолна каматна стапка од 10,5%

VISA бизнис картичка

Револвинг кредитен лимит со можност за подмирување на крајот на месецот со директно дебитирање на средства од сметката на правното лице

ИК БАНКА
ИЗВОЗНА И КРЕДИТНА БАНКА
СОЗДАВАМЕ ВРЕДНОСТИ

Прва Банка сертифицирана со: ISO 9001:2000 - стандард за квалитет;
Единствена сертифицирана со: ISO 27001:2005 - стандард за информациона сигурност.

Скопје: 02 / 3 296 330, 3 122 350; Битола: 047 / 237 829, 237 611; Неготино: 043 / 362 781; Прилеп: 048 / 418 982; Ресен: 047 / 452 508; Гевгелија: 034 / 218 120; Св. Николе: 032 / 440 340; Струмица: 034 / 340 522; Куманово: 031 / 437 206
e-mail: ikbleg@ikbanka.com.mk www.ikbanka.com.mk

**такво патешествие?**

● Не, не воопшто. Сум патувал во некои делови од земјава и тоа секогаш ми било интересно...

■ **Како знаевте во кое село да заминете?!**

● Се информирав наоколу, ги читав весниците кои најавуваа некакви случувања, во исто време ќе се задржев во околината на селото неколку дена и приказните, фотографиите сами се појавуваа. Пред поаѓање си одредував географски некоја дестинација и заминував...

■ **Колку често бевте во ситуација на овие патувања да имате водич кој ќе Ве упатува каде што треба?**

● Во местата каде што познавав некого или каде што имам пријатели, тие ме водеа. Најчесто ми се случуваше да дојдам во некое село, да се паркирам и да тргнам по работа. На пример, бев неколку дена во Прилеп и следна дестинација ми беше Крушево. Но по патот застанав во Кривогаштани. Ми се виде интересно, раздвижено, и решив да останам. Таму направив навистина интересни фотографии.

■ **Сепак, Вашиот фокус на интерес се ликовите во сите тие различни средини низ Македонија...**

● Да, фокусот е на ликовите. Во самата книга, за секоја фотографија има описен наслов во кој се кажува каде е направена сликата.

■ **Зошто „Македонија сонувајќи"? На што треба да нè асоцира ова „сонувајќи"?**

● Овој наслов се појави на крајот. Мојот првичен, работен наслов беше „Македонците", така и конкурирав за грантот. Сегашниот наслов како иницирачка идеја ја има песната „California dreaming". Кога почнав да ја склопувам книгата, почна да произлегува таа некоја приказна, помалку сонувачка. Насловот е двосмислен. Може да биде сфатен како Македонија да е таа што сонува, може да значи дека ние ја сонуваме Македонија, или пак во трето преносно значење дека јас како фотограф низ своите слики ја сонувам Македонија.

■ **Како воопшто ја доживеавте сопствената татковина на ова речиси двегодишно патешествие?**

● Тоа ми е тешко да го опишам или кажам во една реченица. Она што беше највпечатливо, она што ми останува како искуство со луѓето, е тоа дека луѓето во земјава живеат во комплексен синхронизитет меѓу реалното и посакуваното. Заклучив дека сонот е она нешто што ги поврзува тие две работи, живееме во една реалност, а сонуваме и посакуваме нешто друго. Симболички кажано, фотографиите се обидуваат да го прикажат тоа врзивно ткиво меѓу вистината и тоа што го посакуваме.

■ **За време на проектот имате направено 2.00 фотографии и потрошено 100-ина филмови. Како воопшто успеавте од толку материјал да издвоите само 74 фотографии кои ќе се најдат во книгата?!**

● Селекцијата беше тешка, но отпаднаа едноставно оние фотографии што не се вклопија во приказната, што не значи дека се помалку добри или помалку технички издржани. Во некои места направив многу фотографии, но доволно беше да одберам само една за да се комплетира целата приказна.

■ **Дали во селектирањето се обидувавте сепак секој крај од Македонија да биде застапен, да го има преку некој од локалните јунаци?!**

● Не, не инсистирав на тоа. Сепак ми беше поважна приказната, отколку тоа да мора секое место да го има. Поважно беше моето субјективно доживување отколку да се прикаже местото како такво. Работам документарна фотографија за која не верувам дека може да биде објективна...

■ **Каков Ви е впечатокот после сè, успеавте ли да исцрпите сè, да прикажете сè што имавте замислено или останува тука уште многу работа и многу да се одработи?**

● Книгата ја заокружив онака како што ја замислив, но приказната никако не е исцрпена затоа што кога сега повторно би тргнал на пат, воден од друга приказна и идеја, сигурно би можел да направам друга, поинаква книга. Тоа е исто како кога на десет писатели или режисери ќе им дадете иста тема на работа, а ќе добиете сосема различни трудови.

■ **Бидејќи сте работеле со луѓе, колку реално имавте проблем да ги убедите да ги фотографирате, се соочивте ли со проблеми во текот на „преговорите"?**

● Се трудев луѓето што ги фотографирам да знаат дека ги фотографирам. Таков ми е пристапот. Немав намера да сликам со објективи од преку улица. Требаше безброј пати да ја кажам приказната или намерата, но тоа е тоа. Во помалите средини каде што ништо не знаев за местото, ме гледаа со резерва. Ама во таквите средини прво влегував кај берберот и таму ги добивав сите информации. Интересен за работење беше и летниот период кога во селата се враќаат гастарбајтерите. Тогаш влегував во локалната кафеана, го пиев кафето и приказната почнуваше. Луѓето на фотографиите не се местени, тие не позираат, туку се правени спонтано. Имаше и ситуации кога луѓето не знаеја дека во моментот ги фотографирам, но потоа им приоѓав за да им се претставам. Некои воопшто не ги интересираше што правам, ниту пак беа расположени за муабет, ама дозволија да ги сликам. Некои, пак, воопшто не дозволија да ги сликам. Како и да е, секоја фотографија има своја приказна.

■ **Се доведовте ли во ситуација како дојденец во нивната средина да Ве навлекуваат на разни разговори, особено на тема политика?**

● Да, речиси секогаш. Работев во период кога во земјава беше актуелна новата територијална поделба и со тоа сите беа опседнати. Каде и да одев сите коментираа, се прашуваа што ќе се случи со нивното село, град... Но на крајот, она што се гледа е надвор од какви било дневнополитички случувања.

■ **Колку како автор на документарна фотографија имате услови и средства да се занимавате со ваков вид на уметност? Дали сè се сведува на конкурси за грантови од кои можете да добиете некакви средства за работа, или пак има и некоја друга надеж?**

● Сè уште има организации што доделуваат вакви грантови, но и нивните средства сè повеќе се намалуваат. За жал, исчезнаа и многу невладини организации кои ги поддржуваа ваквите проекти. За да се изработи како што треба, ваквиот вид на фотографија бара и повеќе време и повеќе средства. Сè на сè, кај нас нема голем интерес за ваквиот тип на работа, оди тешко и не знам зошто е тоа така. Немам некој прецизен одговор. Во поразвиените земји документарната фотографија функционира паралелно со големите невладини и хуманитарни организации. Мислам дека кај нас луѓето во добар дел и немаат претстава што е тоа документарна фотографија и што добиваат со неа...

**Анета Кочишки**



Продавачи на бонбони и слатки, Скопје



Пеливански турнир, Бигорски ливади



Бувљак крај шините, Скопје



Пекарница, Тетово




На влезот во градот, Крушево



Миросување за време на служба на Бадник, Скопје